

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

# САМОСТОЕН СОРАБОТНИК – БИЗНИС АНАЛИТИЧАР

**ЛОКАЦИЈА**

СКОПЈЕ, Дирекција за деловни процеси и организација/
Оддел за управување со проекти, деловни барања и бизнис анализа

| 200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse | повеќе од 200.000 клиенти во земјата | 36 експозитури | посветеност, кредибилитет и сигурност |
|---|---|---|---|

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

Координирање на проектите активности за прием и документирање на корисничките барања и нивна имплементација во текот на проектот во однос на барањата за развој на нови производи, сервиси, софтверски апликации;

Извршување на ГАП анализа и заедно со бизнис службите, дополнување на деловните барања со цел нивна финализација за имплементација;

Евалуација на барањата согласно стратегијата на компанијата и предлагање на нивна приоритизација по однапред дефинирани критериуми;

Проверка на оправданоста за бизнис барањата и нивната исплатливост со Дирекцијата за Финансии;

Идентификација на сите засегнати организациски единици и остварување комуникација за усогласување на информациите за финализација на деловните барања;

Идентификување и документирање на потребните системи, процеси и ресурси во кои треба да се иплементираат деловните барања;

Подготовка на извештаи и презентирање на барањата на клучните засегнати страни и менаџментот на банката;

Координирање на барањата за промени на постоечките функционалности процеси и системи;

Дефинирање на тестниот тим и координација на тестирањето на бизнис барањата пред да се пуштат во продукција.

## Кои квалификации се потребни

Најмалку 3 години работно искуство во областа на банкарството и 1 година искуство во анализа на барања за промена на банкарски апликативен софтвер, ќе се смета за предност

Активно познавање на англиски јазик и одлично познавање на работа со компјутер (MS Office)

Познавање на банкарското работење и познавање на системот за информациона технологија на Банката

Тренинг по бизнис анализа или проектен менаџмент ќе се смета за предност

Способност за управување со проекти и процеси, изразени комуникациски способности, способност за координација со останатите организациони делови во Банката, способност за развивање и прифаќање на нови процеси во Банката, аналитички и презентерски способности.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа
Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскиот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **14.01.2024** со назнака **„Апликација за САМОСТОЕН СОРАБОТНИК – БИЗНИС АНАЛИТИЧАР “.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #ВерувајВоИднината

SPARKASSE Bank